СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5, Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02 -631/4
19.08.2020 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 9, 10 и 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19) и член 28, точка 17 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на својата **15-та седница** одржана на **07.08.2020 година** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на**
**Листа на информации од јавен карактер**
**и утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадена информација од имателот на информации**

**Член 1**

Се утврдува листа на информации од јавен карактер кои ги создал и со кои располага имателот на информации - Стоматолошката комора на Македонија во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон и тоа:

1. **Податоци за имателот на информациите:**
   СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
   ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје,
   тел.02/3 246 852;
   www.skm.mk
   skm@skm.mk;
- податоци за одговорното лице кај имателот на информацијата;
- податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации;
- податоци за лицата вработени кај имателот на информацијата, со позиција, службен е-маил и службен телефон;

2. **Прописи за надлежностите на имателот на информациите:**
- **Закон за здравствена заштита** ("Службен весник на РМ" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 27/19, 180/19);

3. **Прописи што во рамките на својата надлежност ги донесува Комората во вид на подзаконски акт и други општи акти:**

- Статут на Стоматолошката комора на Македонија;
- Правилник за стручен надзор над стручната работа на здравствените утанови и здравствените работници и соработници;
- Правилник за управување со фондот за взаемна помош на членовите на Стоматолошката комора на Македонија;
- Правилник за доделување на награда за особени постигнувања во областа на стоматолошката здравствена дејност во Република Македонија;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата;
- Правилник за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката;
- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на стоматологијата;
- Правилник за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;
- Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;
- Правилник за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;
- Правилник за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија;
- Правилник за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;
- Правилник за планот и програмата за приправничниот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка;
- Правилник за систематизација на работните места и опис на работните задачи на стручната служба на СКМ;
- Деловник за судот на честа;
- Деловник за работа на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија;
- Деловник за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања;
- Деловник за работа на Комисијата за меѓународна соработка;
- Деловник за работа на централната изборна комисија;
- Деловник за работа на Комисијата за управување со Фондот за взаемна помош на Стоматолошката комора на Македонија;

- Деловник за работа на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија на СКМ;
- Деловник за работа на Комисијата за статутарни и правни прашања на СКМ;
- Деловник за работа на Комисијата за развој на стоматолошкиот здравствен систем на СКМ;
- Деловник за работа на Комисијата за издавачко пропагандна и информативна дејност на СКМ;
- Деловник за работа на Комисијата за економски прашања на СКМ;
- Деловник за работа на Комисијата за доделување награди на СКМ;

4. **Издавање на списание на комората**
   - VOX

5. **Финансиско и материјално работење**
   - Годишен финансиски план и финансиски извештај за работата на Комората
   - Ценовник на услуги на Стоматолошката комора на Македонија;

6. **Управување и раководење**
- Записници и одлуки од седници на Собранието на Комората;
- Записници и одлуки од седници на Надзорниот одбор на Комората;
- Записници и одлуки од седници на Извршниот одбор на Комората;
- Акти на Претседателот на Комората;

7. **Обрасци**
- Пријава за полагање на стручен испит;
- Пријава за запишување во регистарот на доктори на стоматологија;
- Барање за издавање на лиценца за работа;
- Барање за обновување на лиценца за работа;
- Барање за издавање на потврда.

**Член 2**

Заштитени од правото за слободен пристап до информациите се сите лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци, податоци од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации согласно член 6 од Законот.

**Член 3**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб-страната на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 4**

Имателот на информација, од барателот на информацијата, за издадениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата **наплаќа надоместок во висина на материјалните трошоци**, согласно *Одлуката за утврдување на надоместокот за*

*материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации, донесена од Владата на Република Македонија бр.19-6310/1 од 24.12.2006 година.*

Висината на надоместокот на материјалните трошоци ќе се објави на веб-страната или на огласна табла во Комората.

Ако барањето се однесува на информација од поголем обем, имателот на информацијата може да бара барателот да го плати **однапред** надоместокот за покривање на трошоците за добивање на информацијата.

Имателот на информации, на барателот на информацијата за издадената информација во вид на електронски запис на УСБ во сопственост на барателот на информацијата или на негова е-маил адреса, не наплаќа надомест.

Трошоците за достава на информации од јавен карактер по пошта на адресата на барателот на информации, се пресметуваат и наплаќаат според важечкиот ценовник на поштенски услуги.

Увидот во бараната информација е бесплатен.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.


*Службено лице за контакт:*
**Флорентина Кајоли**
florentina@skm.mk
+389 2 3 246 826 (локал 26)
+389 75 208 971